Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-147/4

15-05-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-147/1 од 03.02.2023 година, поднесена од Здружение за сексуални и родови малцинства „Квир Центар" Скопје против лицето од Скопје за сторена дискриминација, односно вознемирување во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 19.04.2023 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на припадност на маргинализирана група, родов идентитет и сексуална ориентација сторено од страна на од Скопје врз припадници на ЛГБТК+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 03.02.2023 година е доставена претставка бр. 08-147/1 од страна на Здружението за сексуални и родови малцинства „Квир Центар" со седиште на бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 19/5-28, Скопје. Во претставката подносителот тврди дека е сторена дискриминација по основ на припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација и родов идентитет во друга област, односно на социјалната мрежа „FACEBOOK" врз припадници на ЛГБТК+ заедницата од страна на лицето ı

( Скопје со адреса на живеење на у.

Имено, во претставката се наведува дека лицето на социјалната мрежа „FACEBOOK" од својот личен профил преку компјутерски систем на година вс часот во јавноста ширела и поттикнала омраза против маргинализирана група - ЛГБТК+ заедница. Тоа го направила на начин што објавила јавна текстуална содржина која гласела:

„По повод втори февруари

Втори февруари кај нас и во блиското соседство се пародира како празник на педерите, пардон хомосексуалците, а впрочем е измислен датум. Светски ден на истите е 28 јуни!

Турбуленцијата околу прашање за легализација на геј браковите не стивнува, згора на тоа (или отпозади што би рекол Sasho Tasevski во истоимениот роман) го дели светот на „за" и „против" , но никој не е рамнодушен. Во Хрватска стивнува вревата за уставното признавање на истополните браковите, а во далечната Австралија, Врховниот суд на Камбера неодамна го поништи истиот закон, венчаните геј партнери формално морале да се разведат , а неформално да продолжат онака како милуваат. Додека Европската Унија им диктира правила на земјите членки да овозможат рамноправни услови и за хетеро и за хомосексуалците, Врховниот суд во Индија го поддржува законот од пред 148 години , според кој истополниот секс е криминално дело казниво со закон и до 10 години. Данска во 1989 година прва воведува рамноправност меѓу хомо и хетеро сексуалците , 2001 Холандија прва ги легализира геј браковите, а се приклучуваат Белгија, Канада, Шведска, Норвешка, Бразил, Аргентина, Уругвај, Франција, Исланд, Нов Зеланд, делови од Англија и Велс, 15 држави од САД... ( „шири шири весели пешкири"
Факт е дека хомосексуалството не е откровение на новото време, си има своја историја и Светската здравствена организација од мај 1990 година го смета за здрава сексуална ориентација (ова „здрава" не значи и препорачлива дневна доза и.т.н.) Сепак најсуптилното прашање околу кое допрва ќе се кршат копја и ќе се делат мислења, е посвојувањето на деца, тема за која никој до сега не се осмелил да даде сигурен одговор какви последици би имале посвоените деца, ако живеат со двајца татковци или две мајки! Но, познавајќи го менталитетот на луѓето со предрасуди, како и перфидноста на злоупотреба на деца ( педофили во брачна заедница кои се претставуваат како хомосексуалци чекајќи во редот за посвојување), не може да сме со замижени очи и така бајковито, филмски да ги разбираме работите кои се исклучително чувствителни и треба многу внимателно и одговорно да се третираат. Неретко децата се жртви и во стрејт браковите, но и дете посвоено од хомосексуалци, без оглед колку и да се благородни, хумани, чесни, интелигентни и добри родители, општеството ќе ги маргинализира и виктимизира тие деца( замислете како ќе му е кога ќе го задеваат другарчињата дека има двајца татковци или две мајки кои се сакаат)!
Како и да е, недоразбирањата и фрлање копја во височина ќе траат уште долго. Важно е да се научиме на почит кон „обратните" од нас и без презир или потсмев да се помириме со нивното присуство на земјената топка. Објавено на година."

Во прилог е доставена интернет врска од објавата:
l

Понатаму, во претставката подносителот наведува, односно се осврнува на слободата на говорот во насока на тоа дека истата не треба да се злоупотребува, бидејќи тоа водело кон говорот на омраза. Следствено, се наведува дека именуваната со објавата – статусот поттикнала предрасуди и стереотипи, непожелно осудувајќи лица со искористување на зборот „педери", како и зборот „хомосексуалци", кои пак сами по себе

се штетни изрази во општеството. Во претставката се наведува и дека именуваната истакнува предрасуда во објавата, а во однос на семејството, брачната заедница и родителството, притоа цитирајќи дел од објавата и образложувајќи како таквата предрасуда претставува антипатија која се заснова на погрешна и нефлексибилна генерализација која може да биде насочена кон групата ЛГБТК+ заедницата во целост. Дополнително, во претставката подносителот наведува и се осврнува на одредени коментари од други лица под спорната објава, за што во однос на тоа наведува одредени случаи од судската пракса на Европскиот суд за човекови права.

Комисијата, во согласност со член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 22.02.2023 година по втор обид со допис бр. 08-147/2 поднесената претставка ја испрати до лицето а да се изјасни за наводите содржани во претставката.

На 27.02.2023 година лицето " достави Одговор заведен под бр. 08-147/3 со кој се изјасни за наводите содржани во претставката. Имено, таа во одговорот наведува дека посочената објава е куса колумна која е „историска ретроспектива поврзана со развојот и односот на општеството кон хомосексуалците". Таквата колумна претставувала нејзино авторско дело во кое наведува факти поврзани со историскиот општествен став кон хомосексуалците, како и преглед на моменталните случувања во регионот и светот по прашањата поврзани со градење на политики кога се во прашање правата на хомосексуалците и дека целта на колумната е потсетување на долгогодишната борба на луѓе кои сакаат да ги остварат своите права. Понатаму, таа истакнува дека никаде во текстот не користела „емитување агресија" или „поттикнување омраза и стереотипи" како што било наведено во претставката и дека тоа го потврдувала при реплика на еден од коментарите во кој искажала „Добро е што ме читаат, уште подобро ако ме познаваат, никаде нема да прочитаат презир и хомофобичност, оти не е дел од мене...". Дополнително, во одговорот таа наведува и дека подносителот самиот користел „неосновани верувања", преку користење на реторички прашања и донесување на заклучоци како утврдени претпоставки за одредени нејзини ставови. Во одговорот на крајот се наведува и дека објавениот текст не може да претставува дискриминација, бидејќи со истиот не се спречувале, ограничувале, признавале уживања и остварувања на правата на одредени лица наспрема други лица.

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Во смисла на член 5 од истиот Закон, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик,

државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Понатаму, согласно член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа.

Согласно член 10 од наведениот Закон, вознемирување е секое несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Комисијата ценејќи ги наводите во претставката и наводите во изјаснувањето, утврди дека со објавата на текстот од личен профил на социјалната мрежа „FACEBOOK" не е сторено вознемирување по основ на припадност на маргинализирана група, родов идентитет и сексуална ориентација.

Имено, Комисијата утврди дека лицето ı социјалната мрежа „FACEBOOK" од својот личен профил преку компјутерски систем на година направило објава со текстуалната содржина наведена во претставката. Видно од страната на личниот профил на лицето ќ. објавата имала 124 допаѓања, 2 споделувања и 55 коментари.

Комисијата, анализирајќи ја содржината на текстот од објавата, утврди дека текстот е објавен во стил на колумна во контекст на критика и сопствен став за одредени социјални односи и појави, а во врска со остварување на права на одредена група на лица. Истиот нема за цел да критикува, омаловажи, навреди или создаде заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика кон група на лица припадници на ЛГБТК+ заедницата, туку истиот е објавен во смисла на сопствен став и мислење во однос на одредена состојба и положба на група на лица кои би се идентификувале со заштитените карактеристики наведени во претставката. Комисијата ја анализираше објавената содржина во целина и структурно во поединечни сегменти, односно делови и нивната поврзаност и смисла со целокупниот текст. Притоа, Комисијата утврди дека спорните поими, како термини во содржината во смисла на и во корелација со останатиот дел од текстот се наведени и користени во форма на иронија како изразно средство и со истите за цел се имало токму да се посочат или исмеваат најчестите предрасуди, стереотипи и самиот општествен поглед воопшто спрема таа група на лица, а меѓу кои е и стереотипот или поширокото согледување на денот втори февруари. Истите, Комисијата смета, дека не претставуваат однапред определен став на авторот кон самиот предмет на објавениот текст како колумна.

Оттука, Комисијата утврди дека така споделената објава не претставува вознемирување во смисла на член 10 од Законот за спречување и заштита од

дискриминација, од причини што истата нема за цел или последица да создаде заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика кон припадниците на ЛГБТК+ заедницата. Со тоа не се исполнува битието на поимот вознемирување согласно дефиницијата утврдена во член 10 од Законот. Следствено, содржината на објавата сама по себе, ниту посредно, ниту непосредно не повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа.

Дополнително на наведеното, видно од самата објава, Комисијата наоѓа дека под истата имало коментари со релативно несоодветна содржина, но во форма на сопствен став и мислење испровоцирано од објавениот текст, а не како поттикнати преку охрабрување или инструирање на упатства за извршување на дискриминација. Во таа смисла, Комисијата упатува и посочува на тоа дека автор на содржинска објава од личен профил на горенаведената социјална мрежа има можност и должност да внимава на коментарите кои се објавуваат под содржината и доколку истите имплицираат вознемирувачка, односно дискриминирачка содржина во смисла на одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација, треба да бидат отстранети.

Комплементарно на наведеното, Комисијата смета дека во таквата форма, објавениот текст, односно содржина е во границите на слободата на изразување.

Имено, при носењето на мислењето, Комисијата во предвид ја имаше и слободата на изразување, во смисла на член 16 од Уставот на РСМ („Службен весник на РМ" бр. 1/1992; 31/1998; 91/2001; 84/2003; 107/2005; 3/2009; 13/2009; 49/2011 и 6/2019), како и членот 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права. Во таа насока, Комисијата во предвид ја зеде и судската пракса на Европскиот суд за човекови права, кој во неколку наврати ја има нагласено важноста на членот 10 од Конвенцијата, кој претставува еден од суштинските темели на едно демократско општество и кој член во целина заедно со исклучоците од ставот 2 е применлив не само за „информации" или „идеи" кои се поволно примени или се сметаат за ненавредливи, но и за оние што навредуваат, шокираат или вознемируваат, бидејќи тоа го бараат плурализмот, толеранција и слободоумноста без кои нема „демократско општество". Следствено, примената на исклучоците од ставот 2 во пракса сепак, мора тесно да се толкува и неопходноста од какви и да било ограничувања на слободата на изразување, мора да биде убедливо воспоставена, а придавката „неопходни" имплицира постоење на влијателна или наметнувачка општествена потреба и релевантна и легитимна цел (Handyside v. the United Kingdom 5493/72, Observer and Guardian v. the United Kingdom 13585/88).

Дополнително, во случајот „Savva Terentyev v. Russia 10692/09", Европскиот суд се осврнал на праксата на домашните судови при оценување на определена изјава, односно коментар за кој жалителот бил санкциониран. Имено, Европскиот суд забележува дека домашните судови во однос на таквата изјава, се фокусирале на природата на формулацијата на изјавувачот, задржувајќи ги своите наоди на формата и тонот на говорот, додека не се обиделе да ја анализираат спорната изјава во контекст

на релевантна дискусија и притоа да откријат која идеја се сакало да се пренесе. Според Европскиот суд, исходот на определен случај, повеќе зависи од меѓусебната зависност, односно поврзаност на различните фактори, отколку земањето во предвид на секој од нив засебно. Врз основа на таквиот принцип, Европскиот суд го ценел конкретниот случај, со посебно внимание на природата и формулацијата на оспорената изјава, во кој контекст е објавена, потенцијалот да води до штетни последици и причините кои го оправдуваат ограничувањето на истата.
Оттука, Европскиот суд утврдил дека при утврдувањето на фактичката состојба домашните судови не ги земале во предвид сите релевантни факти и околности, па следствено на тоа нивното образложение не може да се смета за релевантно и доволно за да се оправда попречувањето на слободата на изразување на жалителот.

Следствено на тоа, Комисијата ги ценеше сите факти и околности, кои како такви ја определуваат природата на сторената објава, во кој контекст е објавена истата, смислата на идејата на објавата, како и дали истата резултира со штетни последици.

Согласно горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на мислењето.

Претседател на Комисија за
спречување и заштита од
дискриминација,
Исмаил Камбери

*Доставено до:*

1. *копје*
2. *Здружението за сексуални и родови малцинства „Квир Центар", бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 19/5-28, Скопје*
3. *Архива на Комисијата*